Врз основа на член 20 став 2 од Законот за контрола на предмети од скапоцени метали („Сл. лист на СФРЈ" бр. 59/81, 21/86, 59/86, 20/89, 9/90, 53/91) а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 52/91), според кој овие закони се превземени како републички и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90), Владата донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

1. Во Одлуката за височината и начинот на плаќање на надоместот на трошоците за испитување и жигосување на предмети од скапоцени метали („Службен весник на РМ" бр. 84/92, 57/93 и 58/93), во точка 1, по ставот 1, се додава нов став, кој гласи:

„Надоместокот на трошоците во Тарифата се изразува во бодови. Вредноста на еден бод изнесува 0,3 % од последната просечна месечна плата во Републиката, објавена во „Службен весник на Република Македонија“.

2. Во точката 7, зборовите „...ги подготвил" се заменуваат со зборовите „...не ги подготвил".

3. По точката 9, се додава нова точка 10, која гласи:

„10. Надоместокот за покривање на трошоците на оваа одлука се уплатува на сметката на Министерството за стопанство. Средствата од став 1 на оваа точка, Министерството за стопанство ги уплатува во корист на Буџетот на Република Македонија секои 20-ти во месецот“.

4. Тарифата што е составен дел на Одлуката за височината и начинот на плаќање на надоместот на трошоците за испитување и жигосување на предмети од скапоцени метали („Службен весник на РМ“ бр. 84/92, 57/93 и 58/93) се менува и гласи:

## ТАРИФА
## ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

| I. НАДОМЕСТОК ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ОД ЗЛАТО | - Бодови | Шифра |
|---|---|---|
| Тарифен број 1 | | |
| 1. За предмети од злато | | |
| - за секој поединечен предмет од злато за секој грам, маса по | 0,5 | 1001 |
| 2. Секој започнат грам маса на секој поединечен предмет од злато се смета како цел грам | | |

II. НАДОМЕСТОК ЗА ИСПИТУВАЊЕ
И ЖИГОСУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ОД СРЕБРО

Тарифен број 2

1. За предмети од сребро

- за секој поединечен предмет од сребро,

| | | |
|---|---|---|
| за секој грам маса, по | 0,05 | 1002 |
| 2. Секој започнат грам маса на секој поединечен предмет од сребро се смета како цел грам | | |

III. НАДОМЕСТОК ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ОД ПЛАТИНА

Тарифен број 3

| | | |
|---|---|---|
| 1. За предмети од платина | | |
| - за секој поединечен предмет од платина за секој грам, маса по | 1,0 | 1003 |
| 2. Секој започнат грам маса на секој поединечен предмет од платина се смета како цел грам | | |

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1927/1
22 август 1993 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.